**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ”-БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр.08-479/5**
**27.08.2020 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник” бр. 82/18), член 16 и член 37 од Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една во друга студиска програма, односно од една во друга единица на универзитетот од 2018 година, Наставно – научниот совет на Факултетот за безбедност - Скопје, на седницата одржана на 27.08.2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**за премин на студентите на прв циклус студии на**
**Факултетот за безбедност – Скопје од една во друга студиска програма**

1. На студентите на прв циклус студии на Факултетот за безбедност – Скопје им се дозволува премин од една во друга студиска програма, најрано при запишување на предмети од третиот семестар.

2. На студентите на прв циклус студии на Факултетот за безбедност - Скопје кои ќе преминат од една во друга студиска програма ќе им се признаат испитите од претходната студиска програма кои се со иста содржина и ист број на кредити.

3. Признавањето на испитите и бројот на кредити ќе го утврдува Комисијата за признавање на испити.

4. Студентите на прв циклус студии на Факултетот за безбедност - Скопје кои ќе преминат од една во друга студиска програма ќе продолжат да студираат под исти услови како што студирале на студсиката програма на која што претходно студирале.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

6. Одлуката да се достави до: Декан, продекан за настава, оддление за студентски прашања и архива.

**Д Е К А Н**

**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**